**ГОДИШНА КОМУНИКАЦИЈА ЗА ОСТВАРЕНИОТ ПРОГРЕС**
**ГОДИНА: 2016**

**Назив на компанија**: Акционерско друштво за приредување игри на среќа и забавни игри ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА-Скопје, со седиште на Ул.Македонија бр.11-А во Скопје.

**Држава**: Република Македонија

**Лице за контакт**: Митко Димов -Генарален извршен директор тел.за контакт:389 2 3124 022 факс: 389 2 3125 095.
**E-Мајl: dimovmitko@mt.net.mk**

Викторија Насковска-Раководител на Сектор за општи и правни работи, тел.за контакт 389 2 3235 144 факс: 389 2 3125 095.
**www.lotarija.com.mk**
**E-Мајl: viktorija.naskovska@lotarija.com.mk**

**Датум на членство**: 27.01.2005 година

**Број на вработени**:10

**Кус опис на природата на бизнисот**: ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје е Компанија основана со Закон во 1972 година, на која од основањето, па се до 2014 година претежна дејност и беше приредување игри на среќа. Во годината за која се поднесува извештајот, претежната дејност на компанијата беше – издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп ( лизинг). Одговорните политики (политика за квалитет, политика за заштита на животната средина и политика за вработените) кои се иницирани од Менаџерскиот тим на нашата компанија, се применуваат во нашето работење и комуникација, а ќе се применуваат и во иднина.

Во извештајната година, покрај горенаведената претежна дејност, нашата компанија, согласно Договор за продажба на производи и услуги преку трговско застапување, склучен со Друштво за комуникациски услуги оне.Вип ДОО Скопје, вршеше продажба на производи и услуги кои ги нуди оне.Вип на пазарот на електронски комуникациски услуги, и во рамките на тоа, како дополнителна дејност, ја промовираше и комерцијалната активност и услугите на оне.Вип ДОО, и склучуваше претплатнички договори.
Од основањето па се до денес, ние бевме, но и понатаму остануваме општествено одговорна компанија, која во своето работење ги почитува Принципите на Global Compact. Општествената одговорност не е само идеја, туку тоа е движење кое е втемелено во нашата компаниска стратегија. Пристапивме кон Global Compact за да дадеме свој придонес во

светскиот тренд на подобрување на условите за работа и живот на нашата планета, и да станеме дел од светските компании кои покрај личниот профит, посветуваaат внимание и на зачувување и одржување на етичките добра.

Перманентно развивајки практики на општествено одговорно однесување во своето работење, ЛОТАРИЈА НА МАКЕДОНИЈА АД Скопје продолжува да ги инкорпорира основните принципи и препораки, со цел, на етички и транспарентен начин да ја афирмира својата определба за одржлив развој, развој кој ги задоволува потребите на сегашноста без да ја загрози можноста на идните генерации да ги задоволат своите потреби, со едновремено остварување на интересите на бројните останати, и на различни начини поврзани чинители( купувачи, доставувачи, вработени, локална заедница и сл.)

## ИЗЈАВА ЗА ПОДРШКАТА

Нашата компанија како една од пионерите, членка на мрежата на Глобалниот договор уште од 2005 година, принципите на Глобалниот договор ги има втемелено во целокупното наше работење, и постојано се стреми да одржува одговорни бизнис програми, фокусирани кон вработените, соработниците и поширокaта заедница, почитувајки ги сите општествени и етички правила, применувајќи ја во целост легислативата и секогаш водејки грижа за намалување на влијанието од нашето работење врз животната средина.

Акционерите, нашиот Менаџмент и сите вработени запознаени се со нашите активности, и даваат целосна подршка на сите активности и иницијативи на Global Compact, бидејќи во суштина тоа се основните идеи по кои се движи и нашето сопствено работење, односно тоа се постулатите врз кои ја градиме нашата иднина. Свесни се, дека само доколку се дејствува здружено во мрежата, и секоја единка се труди да осигура почитување и имплементација на Десетте принципи на Глобалниот договор, не само во своето работење, туку и во рамките на работењето на своите деловни партнери ќе можат да придонесат кон општествена и социјална благосостојба и здрава животна средина.

Без оглед на големината на нашата компанија, ние остануваме посветени да работиме и делуваме одговорно во односите со заинтересираните страни и ќе продолжиме да ги развиваме принципите на општествената одговорност, споделувајќи ги нашите примери и со учење од примерите на членките на мрежата.

Секако дека постојат уште многу нешта кои можат да бидат направени или подобрени, и затоа отворено ја изразуваме нашата посветеност кон нивна примена, со што практично работиме на

изразувањето на нашата улога на активен и свесен член на општественото живеење.

**Митко Димов** **Декември 2016 година**
**Генерален извршен директор**

**E-Majl: dimovmitko@mt.net.mk**
**Тел: 389 2 3124 022**
**Факс: 389 2 3125 095**

**ПРИНЦИП 1** БИЗНИСИТЕ ТРЕБА ДА ЈА ПОДРЖУВААТ И ПОЧИТУВААТ ЗАШТИТАТА НА МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАЕНИТЕ ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Наша политика

Меѓународно признаените човекови права се универзална вредност, кои обезбедуваат глобален стандард за спречување и справување со ризикот на негативните влијанија врз човековите права поврзани со бизнис активностите, за кои активно се залагавме во текот на целото работење, а продолживме и во оваа година да се залагаме за нивно почитување и натамошно подобрување на степенот на нивната имплементација.

Со нашата деловна политика, во секојдневното работење и оваа година во целост ги обезбедувавме правата според законот и важечките стандарди со:

- Јасни правила и прописи и стриктни стандарди во работењето.
- Комуникација меѓу вработените и менаџментот на нашата компанија,
- Еднаков пристап кон нашите клиенти.

Мерливи резултати

- Создадени безбедни и здрави услови за работа.
- Обезбедена недискриминаторска кадровска политика.
- Добри односи и со подредените и со надредените, со што се покажува одредена почит кон сите вработени и вреднување на секоја позиција и личност со достоинство.
- Компанијата не користи принудна работна сила.
- Гарантирана слобода на здружување.
- Заштита на личниот интегритет на секој вработен.
- Во согласност со мерките за безбедност, здравје и заштита при работа за безбедно извршување на работните задачи, имаме

изготвена  проценка на ризик, за систематско евидентирање и проценување на сите фактори на работниот процес, со цел да се утврдат можните видови на опасности и штетности на работното место и работната средина кои можат да предизвикаат оштетување на здравјето, повреди на работа, професионални болести и болести во врска со работата.Во рамки на тоа извршени се мерења за осветленост, микроклиматски услови и бучава при работа, и тоа за секое работно место поединечно.

- Извршени се годишни и периодични прегледи на техничката исправност на средствата за работа од страна на стручни лица, во согласност со мерките за безбедност, здравје и заштита при работа.

**ПРИНЦИП 2** БИЗНИСИТЕ ТРЕБА ДА ОБЕЗБЕДАТ ДЕКА НЕМА ДА ЗЕМАТ УЧЕСТВО ВО ЗЛОУПОТРЕБАТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Наша политика

- Имплементирана политика за заштита на човековите права и развиен систем за заштита при работа, зацврстување на правата на еднаквост, безбедност, лична и економска, социјална и културна слобода,
- Задоволна и здрава работна сила е директно поврзана со зголемена продуктивност, подобар квалитет, помалку менување на вработените и повисоко ниво на лојалност.
- Котирана компанија на Македонската берза, со што е овозможена поголема транспарентност на работењето на компанијата.
- Транспарентност во работата, која се овозможува преку изготвување на годишни извештаи за работењето, информирање на вработените, објава на извештаи на Веб страна, доставување информации до Македонската берза.
- Не остварува соработка со компании за кои има информации дека применуваат форми на злоупотреба на човекови права.
- Во своето работење ги почитуваат принципите утврдени во Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонската берза.

**ПРИНЦИП 3** БИЗНИСИТЕ ТРЕБА ДА ЈА ПОДРЖАТ СЛОБОДАТА НА ЗДРУЖУВАЊЕ И ЕФЕКТИВНОТО ПРИЗНАВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОЛЕКТИВНО ДОГОВАРАЊЕ

-Наша политика

Колективното договарање е значајна придобивка на развитокот на општеството и нашата компанија е целосно посветена на натамошно

развивање на дијалог меѓу социјалните партнери како најдобар начин на постигнување на стабилни услови за деловна активност. Во рамките на тоа:

- Нашата компанија го почитува правото на вработените за членство во Синдикат.
- Слободата на здружувањето и спроведувањето на правото на колективно договарање овозможува и работниците и компанијата да се приклучат во здруженија по сопствен избор, без надворешно вмешување и без дискриминаторски последици.

Мерливи резултати

- Нашата компанија е членка на Стопанската комора.
- Компанијата во своето работење ги почитува одредбите од Општиот колективен договор.
- Обезбедуваме процедури при вработувањето, напредувањето и престанокот на работниот однос.

**ПРИНЦИП 4** БИЗНИСИТЕ ТРЕБА ДА ЈА ПОДРЖАТ ЕЛИМИНАЦИЈАТА НА СИТЕ ОБЛИЦИ НА ПРИНУДНА РАБОТА И РАБОТА ПОД ЗАКАНА НА СИЛА

Наша политика

Нашата компанија, која човечките ресурси отсекогаш ги сметала за свој голем капитал, ја исклучува принудната работа и работата под закана на сила, а посветеноста на борбата против ваквата пракса ја продолжува и ја потврдува со:

- Во нашето работење сме ги елиминирале сите облици на принудна работа и работа под закана на сила;
- Вработувањето е врз доброволна основа, а секој вработен може да го напушти работното место под точно утврдени правила, и секој вработен може да ја продолжи својата кариера во друга компанија.
- Работното време е точно определено, согласно закон, и секој вработен е пензиско, здравствено и социјално осигуран.
- Вработените се колективно осигурени, од последици на незгоден случај, незгода.

**ПРИНЦИП 5** БИЗНИСИТЕ ТРЕБА ДА ЈА ПОДРЖАТ ЕФЕКТИВНАТА АБОЛИЦИЈА НА ДЕТСКАТА РАБОТА

Наша политика

Нашата компанија целосно е посветена на принципот да се исклучи злоупотребата на детската работна сила, и во согласност со тоа:

- На ниту едно работно место во нашата Компанија не сме вработиле лице под 18 години, ниту пак сме ангажирале лице за било каква работа со Договор за дело под 18 години.

**ПРИНЦИП 6** БИЗНИСИТЕ ТРЕБА ДА ЈА ПОДРЖАТ ЕЛИМИНАЦИЈАТА НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВО ОДНОС НА ВРАБОТУВАЊЕТО И ПРОФЕСИЈАТА

Наша политика

Во нашата компанија дискриминација во однос на вработувањето и професијата не постоеле никогаш, и затоа продолживме со нашата посветеност на принципот, секоја форма на дискриминација да се искорени. Оваа наша посветеност ја покажавме преку:

- Регулирање на Договорите за вработување на вработените во согласност со Закон и Колективен договор.
- Подршка на професионален развој на своите вработени.

Мерливи резултати

- Нема дискриминација при вработувањето и напредувањето во кариерата по основ на верска, расна припадност, боја, пол, религија, политичка определба, национална припадност или социјално потекло.
- Со Правилник за организација и систематизација на работи и работни задачи сме ги утврдиле квалификациите, способностите и искуствата кои се потребни за сите вработувања.
- За секое вработување се објавува оглас со што се овозможува работното место да е достапно до сите заинтересирани лица. Во огласот не се наведуваат дискриминаторски. услови .
- Еднакво наградување и еднакви работни часови за сите, можност за користење на платени отсуства, одмори, отсуства во случај на мајчинство, согласно закон и Колективен договор, како и социјална сигурност, професионална сигурност и здравство.
- Оформени Досиеја за сите вработени, кои овозможуваат транспарентен преглед за секој вработен, за негови унапредувања, отсуства, наградувања и сл.
- Сите Одлуки и Решенија кои се доставуваат до вработените се со правна поука, и овозможено е право на жалба и приговор, доколку работникот е незадоволен од доставеното решение или Одлука.
- Се вршат превентивни лекарски прегледи за сите вработените во Друштвото, во роковите определени со Закон.
- По потреба вработените се упатуваат на обуки, кои се прилагодени за потребите на работниот процес, и истите се во насока на стручно оспособување на вработените во интерес на извршување на

работните задачи. Стекнатите знаења и практики од одржаните обуки се имплементираат во процесот на работата, со што се постигнува подобар квалитет во процесот на работењето на Друштвото.

**ПРИНЦИП 7** БИЗНИСИТЕ ТРЕБА ДА ПОДРЖАТ ПРЕВЕНТИВЕН ПРИСТАП КОН ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА

**ПРИНЦИП 8** ДА ПРЕВЗЕМААТ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПРОМОВИРАЊЕ НА ПОГОЛЕМА ОДГОВОРНОСТ КОН ЗАШТИТАТА НА ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА

**ПРИНЦИП 9** ДА ГИ ОХРАБРУВААТ РАЗВОЈОТ И ШИРЕЊЕТО НА ТЕХНОЛОГИИ КОИ СЕ ВО КОРИСТ НА ЧОВЕКОВАТА ОКОЛИНА

Наша политика

- Заштитата на човековата околина е интегрален дел од процесот на развојот на нашата компанија.
- Да се намали потрошувачката на енергетските ресурси во деловните процеси, и за таа цел, Компанијата се грижи на вработените да им ја наметне свеста за важноста на штедењето на енергијата и другите важни ресурси, и ги запознава, преку достава на известувања, со начините за намалување на потрошувачката на истите.
- Генерално, доколку се врши набавка, се набавува најсовремена централизирана технологија, со што драстично се намалува потребата од одење на терен.

Мерливи резултати

- Поседува LCD монитори кои се со помала потрошувачка, со што се штеди електрична енергија, а кои во исто време ослободуваат и помалку топлина, со што во летни услови нема потреба од дополнително ладење.
- Поседува компјутери кои исто така трошат помалку електрична енергија, а во исто време ослободуваат и помалку топлина.
- Замена на писмена комуникација со електронска.
- Електронско банкарство-плаќање на ф-рите преку интернет.
- Давање харија на рециклирање.
- Користење на рециклирана хартија.

**ПРИНЦИП 10** БИЗНИСИТЕ ТРЕБА ДА РАБОТАТ ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА ВО СИТЕ НЕЈЗИНИ ОБЛИЦИ, ВКЛУЧУВАЈКИ ИЗНУДУВАЊЕ И МИТО

Наша политика

- Интегрирање на Антикорупциската политика во организациската структура и одредувањење на одговорности за нејзино спроведување.
- Компанијата во своето работење почитува највисоки стандарди на корпоративното управување.
- Обврска за пријавување на судир на интереси и оградување од гласање.

Мерливи резултати

- Друштвото има изготвено Програма за имплементација на мерките и дејствијата за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, според која Компанијата беше обврзана да презема мерки и активности за откривање и спречување на перењето пари, како што се: идентификација на клиентот, препознатливи трансакции, собирање, чување следење и доставување на податоци за трансакциите и клиентите.